

МИХАИЛ, архиепископ (Методи Гогов) (Ново Село, Штип, 20. V . 1912 – Скопје, 6. VII 1999). – архиепископ, четврти по ред поглавар после возобновувањето на Македонска православна црква (1993 – 1999). Дедо Михаил бил свештеник и вероучител, даровит црковен оратор и мудрец, кој ќе остане запаметен по прекрасните беседи. Беше архипастир со евангелско смирение, со апостолска доследност и со Светиклиментов самопрегор. Тој работеше со ист прегор за градење на единството и угледот на МПЦ како дома така и во светот, а беше меѓу првите мисионери во Австралија. Завршил Богословија во Битола, Богословски факултет во Белград и Филозовски (археологија и историја на уметноста) во Скопје. Бил профессор и ректор во Богословијата во Скопје и професор, продекан и декан на Богословскиот факултет. Превел дел од Библијата на македонски јазик, полиглот и автор на повеќе учебни помагала на Факултетот. Неговото присуство во електронските и печатените медиуми направи МПЦ да излезе од изолацијата што ја наметна власта во поранешниот период. Тој е единствениот диховник на кој му било понудено местото претседател на Република Македонија.

Г.Г. Михаил роден е во Ново Село, Штип, во 1912 година, како Методи Гогов. По завршувањето на основното образование, тој во 1927 година запишал  Богословија во Битола. Во 1932 година заминал на студии во Белград на Богословскиот факултет. По завршувањрто на студиите во 1936 година, станува парохиски свештеник во црквата Св. Никола во Штип. За време на Втората светска војна, Михаил бил учесник во народноослободителната војна, а при крајот на војната бил член на АСНОМ. Учествувал и во организирањето на Првиот црковно-народен собир во Скопје на 3, 4 и 5 март 1945 година,  на кој присуствувале 300 учесници, свештеници и мирски лица.

Михаил се залагаше за самостојност на МПЦ во времето кога тоа беше грев, па во два наврати одлежа над шест години затвор. Бил осуден и затворен од тогашната власт заради идеите за национална, социјална и духовна слобода на македонскиот народ. По

шест месеци бил ослободен, но за кратко. Во 1948 година повторно бил уапсен и осуден на 5,5 години затворска казна. И покрај сите притисоци и закани да се откаже од свештеничкото служење, дедото Михаил останал цврст во своите ставови и продолжил да служи како свештеник во Скопје.



Претседателот на МПЦО  “Свети Климент Охридски“ од Берлин, Мане Јаковлески со поглаварот на МПЦО г.г.Михаил, 26.02.1994г. Дортмунд- Германија

